Бр./Nr 12-1049/3

17-08-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-3293/1 од 11.12.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи во врска со извршена реконструкција на патишта подржани од ---- на Република Северна Македонија, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-3293/1 од 11.12.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 11.12.2025 година, поднесена е пријава со наводи во врска со извршена реконструкција на патишта подржани од ---- на Република Северна Македонија и оформен е предмет бр. 12-3293/1 од 11.12.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на вршењето реконструкцијата на улица „---- “ во ----. Подносителот наведува дека реконструкцијата не била соодветна и изведувањето било на несоодветно место, односно имало многу неправилности. Изразил сомнеж за проневера на државни средства со изградбата, како и непочитување на правилата и прописите за мали улици.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Градоначалникот на општина ----.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Спорната улица била градена согласно изработен проект и извршена ревизија од соодветни лиценцирани правни субјекти со овластување на стручни лица утврдени согласно закон, а врз основа на основниот проект било донесено решение за реконструкција на улицата.
Изборот на носител на набавката за реализација на проектот било извршено од страна на Министерството за транспорт, а средства за реализација на проектот биле обезбедени од грант на Светска банка согласно повик.
Надзор на изведба на работите бил вршен од страна на надзорен орган утврден од страна на Министерството за транспорт и согласно законската регулатива бил извршен увид и технички прием на наведената улица.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk